Врз основа член 11 од Законот за меморијалните споменици и спомен-обележјата („Службен весник на Република Македонија” бр. 66/04, 89/08 и 152/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 103/21) и Одлуката за подигање спомен-обележје – скулптура на Илија Џаџев, бр.09-1164/1 од 20.09.2024 година („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр. 14/24), Одборот за подигање спомен-обележје – скулптура на Илија Џаџев, распишува

ЈАВЕН КОНКУРС БР. 2/2024
за изработка на идеен проект за подигање
спомен-обележје – скулптура на Илија Џаџев

1. Предмет на конкурсот: изработка на идеен проект за подигање спомен-обележје – скулптура на Илија Џаџев.
2. Опис на обележјето: Скулптура изведена во траен материјал, која се вклопува во естетската целина на зададениот простор, во природна големина. Спомен-обележјето треба да го прикажува Илија Џаџев седнат на клупа како свири на својот инструмент (хавајска гитара).
3. Местоположба на спомен-обележјето: централното градско подрачје во близина на Народен театар Гевгелија.
4. Конкурсот е јавен и анонимен, а право на учество имаат сите правни и физички лица од земјата и странство.
5. Учесниците на конкурсот се пријавуваат под шифра. Секој учесник има право да учествува со по еден идеен проект.
6. Пресметковната вредност на спомен обележјето изнесува не повеќе од 1.000.000 денари (авторски хонорар/лиење).
7. На идејното решение треба да биде испишано: Илија Џаџев (1926-1991).
8. Доколку пристигнатите идејни проекти ги задоволуваат условите од конкурсот, ќе се додели награда од 15.000 денари на избраниот идеен проект.
9. Критериуми за избор:
- скулптурата да ги поседува неговите изразени лични карактеристики со една лирско поетска претстава на неговиот слободен и авантуристички дух,
- креативност, иновативност и оригиналност,
- усогласеност со општиот амбиент,
- функционалност и економичност на реализацијата.
10. Изборот на идејниот проект ќе го изврши Одборот со мнозинство гласови. Одборот нема да ги разгледува проектите што ќе пристигнат по предвидениот рок.
11. Идејните проекти треба да се достават во писмена форма во затворен плик во архивата на Општина Гевгелија, најдоцна 30 дена од денот на објавувањето на конкурсот, секој работен ден од 8.00 до 16.00 часот. Во затворениот плик треба да стои мал затворен плик со иста шифра и податоци за подносителот.

Проектите да се достават на следната адреса: „Димитар Влахов“ бр. 4, Гевгелија, со назнака „Не отворај“ за ЈАВЕН КОНКУРС БР. 2/2024 за изработка на идеен проект за подигање спомен-обележје – скулптура на Илија Џаџев.

12. Идејниот проект треба да биде погоден за излагање (3Д визуелизација).
13. Идејните проекти ќе бидат јавно изложени.
14. Членови на Одбор: Катерина Карајанова Аризанова претседател, Ѓорги Стамков, Саша Јованов, Мирјана Крстева Массетти и Гордана Петрова.
Телефон за контакт: 071/207-199.

**Катерина Карајанова Аризанова,**
претседател на Одборот
за подигање спомен-обележје
– скулптура на Илија Џаџев